# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
**на**
**Општина Ранковце**

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Ранковце Издавач:Општина Ранковце излегува по потреба | Година XXIV број 7 26 Мај 2023 година Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година**

1.Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, донесена на 25-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.05.2023 година.

2.Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-569/1**
**25.05.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 5/2002 ), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Репблика Македонија’’ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.151/21), член 93 став 2 и член 94 – а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија’’ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/616, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавни обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 51/20 и 172/21), Колективен договор на Општина Ранковце бр.04-1420/1 од 29.12.2022 година, член 23, став1, точка 4 од Статутот на Општина Ранковце (,,Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 25-та седница одржана на ден 25.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година бр.09-1386/10 од 28.12.2022 година („Службен гласник на Општина Ранковце’’ бр.14/2022 година), членот 9 став 1 точка 1 се менува и гласи: „Коефициентот за утврдување на плата на избрани и именувани лица Градоначалник се определува според бројот на жители и за Општина Ранковце изнесува 2,7 а основица за пресметување е просечната исплатена бруто плата по вработен во Република Северна Македонија за претходнта година, според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика’’.

**Член 2**.

Во членот 16 став 2 зборовите:„во износ од 30.000 денари’’се заменуваат со зборовите: „ двократен износ на просечна месечана нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата’’.

Во членот 16 став 6 зборовите: „потставка „413110 – Тековни резерви’’ се заменуваат со зборовите: „потставка „464990 – Други трансфери’’.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Ранковце’’, а ќе се применува од 23.03.2023 година.

| | |
|---|---|
| **Бр. 09- 543/4** | **Совет на Општина Ранковце** |
| **25.05.2023година** | **Претседател,** |
| **Ранковце** | **Александра Стамболиска - Јовановска** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за поддршка и кофинансирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2” - Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти**

1.Се прогласува Одлуката за поддршка и кофинансирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2” - Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти, донесена на 25-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.05.2023 година.

2.Одлуката за поддршка и кофинансирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2” - Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-569/2**
**25.05.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22 ), Советот на Општина Ранковце на 25 седница одржана на ден 25.05.2023 година ја донесе следнава одлука:

**ОДЛУКА**
**За поддршка и кофинансирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2” - Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти**

Член 1

Советот на Општина Ранковце го поддржува барањето за грант за проектот ,,Изработка на техничка документација за изградба на систем за фекална канализациона мрежа со третман на отпадни води во село Псача,, како дел од проектот ,,Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2” - Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка во партнерство со Бирото за регионален развој и УНДП.

Член 2

За реализација на проектот „Изработка на техничка документација за изградба на систем за фекална канализациона мрежа со третман на отпадни води во село Псача,, од проектот „Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2” - Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти,

Општина Ранковце од сопствениот буџет ќе учествува со кофинансирање од 20% од вкупната одобрена вредност на проектот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Ранковце’’.

**Бр. 09 – 543/5**
**25.05.2023година**
**Ранковце**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за неодобрување на финансиски средства**

1.Се прогласува Одлуката за неодобрување на финансиски средства, донесена на 25-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.05.2023 година.

2.Одлуката за неодобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-569/3**
**25.05.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајки по Барањето поднесено од Летка Алексовска од село Опила, општина Ранковце, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-427/1 од 18.04.2023 година, Советот на Општина Ранковце на 25-та седница одржана на ден 25.05.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за неодобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Не се одобруваат финансиски средства на Летка Алексовска од село Опила, општина Ранковце поради слаба финансиска состојба на општината.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-543/6**
**25.05.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година
2. Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година
3. Заклучок за прогласување на Одлуката за поддршка и кофинансирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2”- Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти
4. Одлука за поддршка и кофинансирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2” - Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти
5. Заклучок за прогласување на Одлуката за неодобрување на финансиски средства
6. Одлука за неодобрување на финансиски средства

_______________________/_________________________